**20241512617**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на член 154 став (3) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА НА ВНАТРЕШНИТЕ И НАДВОРЕШНИТЕ ПЛАНОВИ ЗА ЗАШТИТА ОД ХАВАРИЈА СО ПРИСУСТВО НА ОПАСНИ СУПСТАНЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на внатрешните и надворешните планови за заштита од хаварија со присуство на опасни супстанци.

Член 2

Внатрешните планови за заштита од хаварија со присуство на опасни супстанци се состојат од мерки и активности кои треба да бидат превземени внатре во системот од страна на операторот и/или други субјекти, при што треба да содржат:

1. Име и статус на одговорното лице кај операторот кое ќе биде во контакт со лицето во општината и/или градот Скопје одговорно за контакт во врска со надворешниот план за заштита од хаварија со присуство на опасни супстанци;

2. Име и статус на одговорното лице за координација на активностите на лице место во случај на хаварија;

3. Детален опис на мерките и активностите коишто ќе бидат превземени во случај на хаварија заради намалување на негативните последици по здравјето и животот на луѓето и животната средина;

4. Мерки за минимизирање на ризикот на директно изложените лица во случај на хаварија, и тоа:

а) детален опис на методите за предупредување;

б) детален опис на активностите што треба да се превземат по пристигнатото предупредување;

в) детален опис на безбедносните мерки, активностите и употребата на заштитната опрема, кои:

- директно изложените лица ќе ги превземат за сопствена заштита во случај на хаварија, со цел локализирање и контролирање на хаваријата;

- ќе ги превземе одговорното лице од точката 2 на овој член во операторот за заштита на животната средина во случај на хаварија, со цел намалување на последиците од истата и

- ќе се превземат за заштита на околното население во случај на хаварија и

г) програма за обука на директно изложените лица во случај на хаварија;

5. Предвидени мерки за рано предупредување до општината и/или градот Скопје за заштита од хаварија со присуство на опасни супстанци, и тоа:

- шема на оперативен систем за рано предупредување кој овозможува директна комуникација со надлежните органи од обласста на управувањето со кризи, во случај на хаварии и

- информации кои треба операторот да ги обезбеди за раното предупредување до надлежните органи од областа на управувањето со кризи, во случај на хаварии и

6. Акционен план за обезбедување помош на загрозеното и настраданото население заради намалување на негативните последици по здравјето и животот на луѓето и животната средина надвор од локацијата на хаваријата од страна на надлежните органи од областа на заштитата и спасувањето, во случај на хаварии.

Член 3

Надворешните планови за заштита од хаварија со присуство на опасни супстанци се состојат од мерки и активности кои треба да бидат превземени од страна на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје и/или други субјекти, при што треба да содржат:

1. Име и статус на одговорните лица за воведување на процедурите за спроведување на надворешниот план за заштита од хаварија со присуство на опасни супстанци и одговорните лица за координација на активностите за намалување на последиците надвор од локацијата на хаваријата;
2. Име и статус на одговорните лица за известување и алармирање, за примање на раното предупредување и одобрување на започнувањето на спроведување на надворешниот план за заштита од хаварија со присуство на опасни супстанци;
3. Име и статус на одговорното лице во општината и/или градот Скопје кое ќе биде во контакт со лицето кај операторот за контакт со општината и/или градот Скопје;
4. Шема за известување и алармирање на јавноста за настанатата хаварија, која треба да предвидува координирано учество на надлежните органи од областа на управувањето со кризи, во случај на хаварии и листа на директни учесници во имплементацијата на надворешниот план за заштита од хаварија со присуство на опасни супстанци, како и заштитна опрема и друга опрема и средствата што ќе се користат;
5. Акционен план за координирање на ресурсите неопходни за спроведување на надворешниот план за заштита од хаварија со присуство на опасни супстанци;
6. Акционен план за асистенција на операторот во реализацијата на внатрешниот план за заштита од хаварија со присуство на опасни супстанци;
7. Мерки, активности и постапки за контрола и спречување на ширење на хаваријата, заштита на луѓето и животната средина, обновување и рекултивација на животната средина зафатена со хаваријата;
8. Мерки за информирање на јавноста и препораки за однесување и лична заштита и
9. Мерки за информирање на службите за вонредни состојби на други држави во случај на хаварија со можни прекугранични последици.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за содржината на внатрешните и надворешните планови за вонредни состојби, како и начинот на нивното одобрување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/09).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 12-1468/2
17 јули 2024 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
**Изет Меџити,** с.р.